РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-1375/17
12.09.2023 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

# ПРОЦЕДУРА ЗА КОПИРАЊЕ И УМНОЖУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ

Септември, 2023 година

[1] 01-1375/17 [2023]

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 154/19), член 45 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/19), а согласно Политиката за создавање систем за заштита на личните податоци и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.122/20), Директорот на Бирото за јавни набавки ја донесе следната:

## ПРОЦЕДУРА ЗА КОПИРАЊЕ И УМНОЖУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ

Оваа процедура има за цел да воспостави безбедносен систем за заштита на лични податоци при копирање и умножување на документи кои содржат лични податоци во хартиена или во електронска форма во Бирото за јавни набавки (во понатамошниот текст Бирото).

### 1. Копирање и умножување на документи кои содржат лични податоци

Копирањето и умножувањето на документите кои содржат лични податоци треба да биде ограничено и дозволено за службени потреби, по барање на надлежен орган во законски пропишана постапка и за случаи и постапки уредени со закон.

Копирањето или умножувањето на документите кои содржат лични податоци може да се врши единствено од страна на овластени лица.

При копирањето на документите кои содржат лични податоци, истите не треба да се оставаат непотребно на копир машината без присуство на овластеното лице кое го врши копирањето и истите се копираат само во неопходен број копии, односно треба да се обезбеди дека друго неовластено лице нема и не може да дојде во контакт со копираните односно со умножените документи.

Уништувањето на копираните или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе се оневозможи непотребно понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

Кога, во случаи предвидени со закон, се издаваат копии од документи кои содржат податок за единствен матичен број на лица кои се подносители, а не се носители на тој број, копиите се издаваат без единствен матичен број на лицето.

### 2. Објава

Оваа Процедура влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата се објавува на веб страницата на Бирото.

**БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
Директор
Борче Хаџиев